## Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва

Трета тркалезна маса

**„Влијание на ликвидацијата и бришењето по службена должност на договорите за работа – проблеми во практика„**

На трета тркалезна маса, организирана на 19. април 2017 година, во рамките на Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“, расправано е на тема: „ Влијание на ликвидацијата и бришењето по службена должност на договорите за работа – проблеми во практика„.

Претставници на Министерството за економија, Агенцијата за вработување, Централниот Регистар и други заинтересирани страни, расправаа за начинот на регулирањето на статусот на вработените во услови кога постојните законски одредби кои ги регулираат постапката за ликвидација, а особено бришењето на правните лица од трговскиот регистар по службена должност, немаат целосен одговор во однос на договорите за вработување, правните последици, како и правата и обврските што ќе настапат со престанокот на работодавачот.



Наместо досегашното постапување од случај до случај при одјавувањето, особено кога станува збор за избришани фирми, или бришењето е во тек, а за утврдување на датумот и околностите на одјавувањето, побарано е  дефинирање на процедура со која би се уредило постапувањето по службена должност кај одјавувањето во Агенцијата за вработување, како и поврзување со Централниот Регистар и координација со која ќе се овозможи подобар увид во фирмите за кои тече рокот за утврдување на статусот за увид во состојбата со вработените.

Имено, ниту ЗРО, ниту ЗТД целосно ги дефинираат правните последици врз договорите за вработување при престанок на работодавачот, согласно постапката за бришење на субјекти по службена должност. Иако според Законот за евиденции од областа на трудот, работодавачот е должен до АВРМ да достави одјава на вработен во рок од осум дена од денот на престанокот на работниот однос, во практиката се случува работодавачите да дознат по неколку месеци, или, да го чекаат бришењето за тогаш да ги одјават вработените. Доколку работодавачот по престанокот на работниот однос, во дадениот рок не го одјави работникот, одјавата може да се изврши и по барање на работникот, а врз основа на претходно доставен записник од инспекторот на трудот до АВРМ. Иако не често, вакви примери се регистрирани во Агенцијата за вработување, токму како последица од нерегулираното прашање кај бришењето на субјектите по службена должност.

Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“се реализира со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и е имплементиран од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting & Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Скопје, 19.04.2017